**Прифаќањето на наметнатите услови за прием во ОН од страна на Република Македонија не ги легализира нелегалните обврски, а ниту дел за името во Времената спогодба со Грција.**

Пишува: **Д-р Игор ЈАНЕВ**

# МАКЕДОНИЈА ИМА ПРАВО ДА НЕЈЗИНИОТ ПРИЕМ ПРЕД ГЕН

Во врска со актуелизирањето на прашањето за воспоставување на уставното име на Република Македонија во Обединетите нации понекогаш се поставува прашањето дали таков чекор е правно можен кога се знае дека Македонија ја прифати Резолуцијата 47/225 (1993) на Генералното собрание на ОН, со која беше извршен приемот, а која ги содржи условите Македонија: а) да го прифати привременото име ("референцирање") ПЈРМ за користење во системот на ОН; и б) да преговара со Грција околу своето име. (Вториот услов е даден во имплицитна форма: референцата ПЈРМ ќе се користи "сè додека не се разреши разликата која се појави околу името", но во Резолуцијата на Советот за безбедност 817 (1993), со која приемот се препорачува, тој има експлицитен вид.) Прифаќањето на оваа Резолуција од страна на Македонија имплицира дека тоа го прифаќа и "референцирањето" ПЈРМ во системот на ОН и обврската да преговара околу своето име со Грција. Од друга страна, пак, во нотата на тогашниот претседател на Владата на Република Македонија од 24.3.1993 г. до претседателот на Советот за безбедност, во врска со Нацртот на резолуцијата 817 (1993) на Советот, се нагласува дека "Република Македонија ниту под кои услови не е подготвена да го прифати ПЈРМ како име за земјата". Во истата нота, исто така, се изразува и "разочарување" што Советот за безбедност не ја следел стандардната форма на резолуциите за прием на нови членки во ОН. Овој протест на македонската Влада во врска со текстот на препорачувачката Резолуција на Советот за безбедност, меѓутоа сосема е игнориран во дефинитивните текстови на резолуциите 817 (1993) на Советот за безбедност и 47/225 (1993) на Генералното собрание. Произлегува дека условите а) и б) при приемот на Македонија ѝ се наметнати. Дали при овие околности македонската Влада би требало да ја повлече својата апликација за членство во ОН е политичко прашање. Нас овде ќе нè интересираат правната валидност и правните последици на прифаќањето на Резолуцијата 47/225 (1993), со наметнатите обврски за Македонија. Посебно, дали прифаќањето на условите а) и б) може да биде пречка за преземање чекори кај ОН за испитување на нивната законитост, односно нивната согласност со одредбите на Повелбата на ОН.

Како што покажува правната анализа на резолуциите 817 (1993) на Советот за безбедност и 47/225 (1993) на Генералното собрание на ОН, поставувањето на условите а) и б) на Македонија при нејзиниот прием во ОН претставува грубо кршење на Повелбата на ОН. Бидејќи со аргументите и со резултатите на таа анализа нашата (па и светската научна) јавност веќе е запозната, овде, заради дефинирање на контекстот на овој напис, ќе ги спомнеме само најважните заклучоци на анализата.

## СОВЕТОДАВНО МИСЛЕЊЕ

Приемот на државата во членство на ОН е регулирано со член 4 на Повелбата, чиј прв став ги пропишува условите за прием. Според советодавното мислење на Меѓународниот суд на правдата од 1948 г., прифатено и од Генералното собрание на ОН (со Резолуцијата 197/III (1948)), тие пропишани услови се исцрпени (потребни и доволни) и не можат да се прошируваат со дополнителни услови. Членка на ОН, која во Советот за безбедност или Генералното собрание гласа за прием во членство во ОН на некоја држава, "правно не е овластена да ја даде својата согласност за прием во зависност од услови кои не се изрично предвидени во став 1 од речениот член (4)", се вели во спомнатото судско мислење, кое е потврдено со Резолуцијата 197/III (1948) на Генералното собрание.

Во Резолуцијата 817 (1993) на Советот за безбедност се оценува дека Македонија ги задоволила критериумите за прием, наведени во член 4, став 1 од Повелбата (со што Македонија стекнува право на членство), но се додаваат уште и гореспомнатите два услова, со што се проширува исцрпното множество на потребни и доволни услови на член 4. Вклучувањето на овие услови во Резолуцијата за прием има нелегален карактер, бидејќи член 4, интерпретиран со прифатеното Судско мислење од 1948 г., претставува правна норма. Гласањето во Советот за безбедност и во Генералното Собрание за соодветните резолуции, поврзани за приемот на Република Македонија во ОН, кои ги содржат дополнителните услови, очигледно претставува пречекорување на овластувањата на овие органи. Вклучувањето на овие услови во резолуциите за препорака и одлучување за приемот, покрај оние од член 4 за кои се тврди дека Македонија ги исполнила, доведува до ad hoc воведување во системот на ОН нова институција на "условен прием", што не е предвидено со Повелбата, или со било кој друг документ на ОН. Имено, дополнителните услови поставени на Македонија при приемот не се услови кои таа треба да ги исполни



пред влегување во членство, туку обврски кои таа треба да ги прифати како членки (доколку сака да стане членка). Ова укажува дека дополнителните услови кои ѝ се поставени на Македонија немаат правна, туку чисто политичка природа. Поставувањето на (и гласањето за) дополнителните услови во соодветните резолуции за препорака и прием на Република Македонија во членство на ОН, според тоа, претставува грубо кршење на член 4 од Повелбата и одземање на правото на кандидатот на прием во членство кога ги исполнува пропишаните (во член 4 од Повелбата) критериуми за прием.

Нелегално поставените дополнителни услови за Македонија при нејзиниот прием во ОН имаат и други, значително поважни правни ефекти. Со наметната деноминација ПЈРМ (за користење во ОН), на Македонија ѝ се одзема нејзиниот правен идентитет (и заменува со друг), и покрај нејзиното противење во напред спомнатата нота на македонската Влада. Одземањето на правниот идентитет на државата, како битен елемент на нејзината правна личност (заштитена со Декларацијата за принципите на меѓународното право од 1970 г.) претставува грубо кршење на правниот принцип на суверена еднаквост на државите (членки), прокламиран во член 2, став 1 од Повелбата. Повеќе од тоа, со вториот услов б) за прием, Македонија е натерана да прифати обврска да преговара околу своето име, со што ОН (како, всушност, и со условот а)) навле-

## ПРИНЦИПИТЕ НА ОН

Принципите на ОН внесени во член 2 на Повелбата претставуваат правни норми, кои ги обврзуваат како членките, така и Организацијата на ОН, како меѓународен правен субјект. Нивното прекршување повлекува правна одговорност. Како и повредата на член 4, став 1, повредите на став 1 (суверена еднаквост на државите-членки) и став 7 (немешање во внатрешната јурисдикција) од член 2 на Повелбата претставуваат акти на пречекорување на овластувањата на Организацијата (ultra vires акти).

Сега да се вратиме кон прашањето поставено на почетокот на текстот: дали прифаќањето од страна на Македонија на Резолуцијата, со која е примена во членство во ОН, заедно со дополнителните обврски за Македонија, кои таа Резолуција ги содржи, ги отстранува повредите на членовите 4 (став 1) и 2 (ставови 1 и 7) на Повелбата направени со таа Резолуција? Одговорот е очигледно негативен. Член 4 е правна норма и нејзината содржина и дејство не можат да зависат од "договорот" меѓу апликантот и Организацијата за нивно менување. Бесправниот карактер на дополнителните услови а) и б) за прием на Македонија во членство на ОН произлегува од самиот карактер на таа норма (да ги фиксира условите за прием) и од фактот дека дополнителните услови го трансцендираат чинот на приемот и, според тоа, немаат правна природа. Во согласповреда на оваа норма, па дури и ако апликантот се согласил со таквото проширување.

Правниот принцип ex injuria jus non oritur важи и во домашната јурисдикција. Доколку, на пример, законски е пропишана минимална цена на работниот час, а работникот, заради нужда, се согласил да работи и за пониска цена, тоа не го ослободува работодавачот од одговорноста пред законот за понудената (односно платената) пониска цена на работниот час.

Во прашањата поврзани со приемот, суспензијата или исклучувањето од членство, Организацијата и државата-членка (односно апликант) се појавуваат како меѓународни правни субјекти, и тоа во однос кој има контрактуелни карактеристики. Како што е познато од договорното право, согласноста дадена за контрактуелниот однос престанува да биде валидна ако таа е дадена под притисок, на измама, во заблуда, по грешка или со кршење на правилата на меѓународното право и посебно, неговите jus cogens норми (како што се, правната еднаквост, самоопределувањето, недискриминацијата и сл.). Во случајот на приемот на Република Македонија во ОН, прифаќањето на дополнителните услови за прием можел да биде резултат на можни притисоци од разен вид, заблуда за законитоста на предложените нацрт-резолуции за прием и сл. Во секој случај, контрактуелниот однос (приемот) е воспоставен со нарушување на принципот на самоопределување на ле-

# ГО ПОСТАВИ ПРАШАЊЕТО ЗА ЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ОН

гуваат во доменот на строгата внатрешна јурисдикција на државата, спротивно на член 2, став 7 од Повелбата.

Изборот на името е инхерентно право на секоја држава (самоопределување на сопствениот легален идентитет), односно влегува во jus cogens нормите на меѓународното право. Со обврската за преговори со Грција околу името, на Македонија ѝ се одзема едно инхерентно право, а на еден надворешен фактор (држава) му се дава можност за мешање во внатрешните работи на државата. Тоа, исто така, е спротивно на член 2, став 4 од Повелбата. Деградираната правна личност на Македонија во ОН и обврската да преговара со Грција околу името ја поставуваат Македонија во дискриминирана положба во однос на другите државиленки на ОН т.е. во нерамноправен членски статус.

ност со принципот во меѓународното право ex injuria jus non oritur (од бесправие не може да произлезе право), прифаќањето на незаконски поставените услови нема правна релевантност, т.е. не може да ги легализира таквите услови. Согласноста на апликантот да ги исполнува обврските поврзани со дополнителните услови за прием не ја ослободува Организацијата од одговорноста за пречекорување на своите овластувања и за повредите на членовите 4 (став 1) и 2 (ставови 1 и 7) на Повелбата. Правните норми на Повелбата имаат функција да воспостават одредени права и обврски за државите-членки и Организацијата кон кои тие треба да се придржуваат. Член 4, став 1, на пример, го заштитува правото на државата да биде примена во членство кога ги исполнува пропишаните (во тој член) услови. Проширувањето на овие услови од страна на Организацијата претставува

галниот идентитет и со воспоставување дискриминиран членски статус (правна нееднаквост) на Република Македонија, што укажува на правната невалидност на приемот (односно Резолуцијата 47/225 (1993)).

Заради сите овие причини, прифаќањето од страна на Република Македонија на дополнителните услови (обврски) содржани во Резолуцијата 47/225 (1993) на Генералното собрание не може да се смета дека има правно дејство. Затоа Македонија има полна правна слобода да го постави прашањето за легалноста на тие услови пред Генералното собрание на ОН, односно да предложи Резолуција во Генералното собрание, со која Генералното собрание бара советодавно мислење од Меѓународниот суд на правдата за согласноста на поставените дополнителни услови кон Македонија при нејзиниот прием со одредбите на Повелбата.